Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден _.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес за време на одржување на спортска манифестација „Спортски игри Велес 2026“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното врме на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Велес, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа, важи од 04.06.2025 година до 06.06.2025 година (четврток, петок и сабота) по повод одржувањето на спортската манифестација „Спортски игри Велес 2026“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

На ден 18.05.2026 година до Советот на Општина Велес, од страна на Организацискиот тим на Спортски игри Велес 2026 година е доставено Барање за продолжување на работното време на угостителските објекти во рамки на манифестацијата „Спортски игри Велес 2026“ со арх.бр.09-2421/1.

Општина Велес во својата Годишна програма за активностите во областа на спортот во 2026 година има планирано организација на манифестација „Спортски игри Велес 2026“.

Согласно член 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) „Советот на општината, односно Советот на градот Скопје, за определени туристички, културни и друг вид манифестации, содржани во годишните програми, можат да го продолжат работното време најмногу за два часа, за угостителските објекти, но во времетраење најмногу до три дена“.

Затоа, се предлага донесување на оваа одлука, со цел да се овозможи на сите угостителски објекти кои функционираат на подрачето на Општина Велес да го продолжат своето регистрирано работно време за период на одржување на оваа спортска манифестација најмногу до три дена.

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
20 год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 18 -05- 2026
Орг. един.
09 - 2421/1 | 1

**До:**

**Градоначалник на Општина Велес**

**Совет на Општина Велес**

**Од: Организациски тим на Спортски Игри Велес 2025**

**Предмет:**

Барање за продолжување на работно време на угостителски објекти во рамки на манифестацијата Спортски Игри Велес 2026

Почитувани,

Ве информираме дека и оваа година во периодот од 1 до 6 јуни 2026 година, во Велес ќе се одржи спортската манифестација Спортски Игри Велес 2026, настан од регионален карактер кој опфаќа повеќе спортови и привлекува голем број учесници и посетители од целата држава и пошироко.

Со цел обезбедување на соодветна угостителска услуга за учесниците, посетителите и волонтерите на настанот, Ве замолуваме да одобрите продолжување на работното време на угостителските објекти кои ќе функционираат во рамки на манифестацијата од 4-6 јуни (четврток – сабота).

Продолженото работно време ќе придонесе за подобрување на целокупното искуство на присутните, ќе овозможи безбедна и организирана угостителска услуга во контролирани услови и ќе помогне во промоцијата на Велес, како град на спортот и гостопримството.

Воедно, уверуваме дека ќе бидат запазени сите прописи и мерки за јавен ред и мир, хигиена и безбедност, во соработка со надлежните институции.

Со почит,

Спортско здружение Спортски Игри Велес

Спортско здружение СПОРТСКИ ИГРИ * ВЕЛЕС *